УДК 821.163.3-31:821.163.41-31].091
УДК 821.163.41-31:821.163.3-31].091

Билјана Јоновска Стефковска
Институт за македонска литература – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
bici_re@yahoo.com

# ЉУБОВНИОТ ТРИАГОЛНИК ВО РОМАНИТЕ „ПРЕЉУБНИЦИ“ ОД ВИДА ОГНЕНОВИЌ И „ОДБРОЈУВАЊЕ“ ОД ФРОСИНА ПАРМАКОВСКА

**Апстракт:** Во романите, кои се предмет на интерес на овој текст, тематска доминанта е прељубата која претставува движечки фактор во нивното организирање и во нивниот идеен состав. Од една страна, имаме интимна и длабока приказна за една, според сите мерила, успешна жена (Амалија Којиќ, главниот женски лик во романот „Прељубници“) која е ставена во судир со стереотипите на својата средина. Од друга страна е нараторката во романот „Одбројување“од Фросина Пармаковска која набрзина се решава за брак, понесена од еуфоријата на својата страст за болно љубоморен и психички растроен маж, по што следат недоверба, репресии, кошмари, тортура, кои ја водат кон прељуба. Во овој текст, преку споредбен пристап, ќе биде анализирана тематската преокупација со прељубата во српското и во македонското женско писмо, конкретно, во романите на Огненовиќ и Пармаковска.

**Клучни зборови:** прељуба, брак, лицемерие, брачна љубов, стереотипи, Вида Огненовиќ, Фросина Пармаковска, женско писмо

На почетокот од својата студија „Родовата асиметрија и еротските триаголници“, Ив Кософски Сеџвик ја потенцира употребата на гра-

фичката фигура на триаголникот како дел од европската интелектуална традиција во шематското претставување на еротските односи во кои како доминантен елемент се јавува неверството. Во своето промислување на овој тип емотивни односи, Кософски Сеџвик повеќепати се навраќа на делото „Неверството, копнежот и романот" од Рене Жирар, во кое тој тврди дека во секој однос што претставува љубовен триаголник, предметот на желбата секогаш е, всушност, многу помалку важен отколку врската помеѓу двата субјекта кои се борат за контрола или за сопственост над тој објект на желбата. Кажано со терминологијата на Жирар, објектот на желбата е, всушност, само посредник во структурираниот однос на ривалство на два активни члена на еротскиот триаголник.

Мотивот љубовен триаголник е еден од најчесто користените мотиви во книжевноста. Како што ни е познато, љубовниот триаголник мора да содржи три личности од кои секоја е на некој начин поврзана со другите две и често како последица се јавуваат љубомората, омразата, разводот или некаков вид злосторство.

Целта на овој труд е да се направи споредба на мотивот љубовен триаголник во романите „Прељубници" од Вида Огњеновиќ и „Одбројување" од Фросина Пармаковска. Исто така, да се споредат нивните главни ликови, да се најдат сличностите во нивното однесување и во начинот на размислување. Конкретно, се обидуваме да направаме дистинкција во однос на тоа како Ив Кософски Сеџвик во „Родовата асиметрија и еротските триаголници" и Рене Жирар во „Неверството, копнежот и романот" ги сфаќаат начините на функционирањето на љубовните триаголници, и тоа како тие функционираат во романите на Огњеновиќ и Пармаковска.

Главните ликови во двата романа, Амелија Којиќ (главниот лик во романот „Прељубници") и нараторката (главниот лик во романот „Одбројување"), пораснале во средина каде што се очекувала и се ценела безусловната роднинска меѓусебна припадност и каде што воздржаното молчење за интимните доживувања обезбедува рамнотежа за деликатната приватност.

Амелија Којиќ е успешна жена во четвртата деценија од својот живот која, непосредно по магистрирањето, на денот на својот роденден, дознава дека е посвоена и со тоа драматично сознание, одеднаш, тивко, па сè погласно, се одмотува нејзината драматична приказна која дополнително ќе ја усложни нејзиниот сопруг Бошко.

Нараторакатa во „Одбројување“ е млада девојка која, по смртта на нејзината мајка, непромислено и набрзина, понесена од еуфоријата на својата страст, решила да стапи во брак со човек кој многу кратко го познавала.

Романот „Прељубници“ е раскажуван во прво лице како исповед на Амелија, главниот женски лик. Амелија почнува да ја раскажува својата исповед на четириесет години кога дознава дека е посвоена и изневерена од својот сопруг. Додека го читаме романот, ги дознаваме нејзините стравови, страдања, колебања, сеќавања, чувството на отфрленост и безволност. Разоткриваме една повеќеслојна личност за толкување, која сака да се ослободи од целиот товар и болка заради животните промашувања, погрешните одлуки, да ја раскаже својата животна приказна за да можеме подобро да ја запознаеме и да ја разбереме. Токму Амелија вели: „Веројатно, за сето време се прашувате како се случило да западнам во овој безизлезен вител или наречете го веќе тоа како што сакате... Којзнае како и кога сето ова почна кај мене...“ (Огненовиќ 2011: 10).

Во романот „Одбројување“, писателката, уште на првите страници, се фокусира на запознавањето на нараторката со нејзиниот сопруг и на почетокот на нивната љубов. Нараторката за својот маж вели: „...јас, во мојот маж видов маж... тој буквално ме импресионираше“ (Пармаковска 2018: 100). Љубовната приказна била исполнета со страст, таа му се восхитувала, во него го гледала најпаметниот човек кој можеби физички никогаш немало да ја привлече да не постоеле долгите разговори. Ако ги земеме предвид нивните дијалози, односно љубовните дискурси на вљубените, ќе видиме дека нараторката го доживува својот сопруг како суштина на своето битие: „Никогаш наглас не му реков дека не го сакам. А ми доаѓаше, кога ми велеше дека не сум достојна за љубовта што ми е дадена, не може на човек што љуби, гордоста да му се вознесува секојпат кога нечии други очи ќе го погледнат со страст, без да му кажат, му порачуваат дека ги возбудила неговата убавина, на човек кој љуби, би му било сеедно, или во најмала рака не би ги забележал. Така ми зборуваше мојот маж мене...“ (Парамковска 2018: 61).

Нивната љубов завршува кога во животот на нараторката се појавува Иван. Иван и нараторката се запознале уште за време на студирањето. Нараторката се омажила и сосем заборавила на него, сè додека еден ден не се сретнале во фирмата за која таа преведувала, а во истата фирма

работел и Иван. Со оваа средба започнала нивна комуникација. Нараторката во тој период била несреќна во бракот со својот маж, била осамена, се чувствувала безнадежно со тажно расположение и барала личност на која ќе може да ѝ ги раскаже своите проблеми. Комуникацијата меѓу нараторката и Иван прво почнала со телефонски разговори во ноќта, а потоа и со средби во неговиот дом, додека спиел нејзиниот сопруг, односно нивната врска се засновала на тајни ноќни средби, страст и задоволство. Страста е таа што била поттикнувачки фактор меѓу нив, а не љубовта: „Со Иван водевме љубов, а со мојот маж се измачувавме...“ (Пармаковска 2018: 55). Нараторката сонува за еден нов живот, исполнет со љубовта на Иван. Таа, во разговор со нејзината пријателка, вели: „Тоа што имам љубовник е единстената нормална работа во целава хистерија од мојот живот и небитно е каде ќе останам, дали кај него, но морам да заминам што побрзо, денес, сега...“ (Пармаковска 2018: 56). Така се развива темата љубовен триаголник: една жена меѓу двајца мажи.

Тука можеме да го поставиме прашањето: дали и во колкава мера, во толкувањето на овие љубовни триаголници во романите на Вида Огњеновиќ и Фросина Пармаковска, можеме да ги користиме ставовите на Рене Жирар, изнесени во неговото дело „Неверството, копнежот и романот“, како оние, на Ив Кософски Сеџвик, изразени во нејзината студија „Родовата асиметрија и еротските триаголници“. Во нејзиното толкување и надополнување на ставовите на Жирар, Ив Кософски Сеџвик инсистира дека во општеството во кое доминираат мажите, постои посебен однос помеѓу нив, чија цел е „одржување и пренесување на патријархалната моќ“ (Kosofsky Sedgwick 1997: 527). Оттаму, според неа, еротскиот триаголник претставува „матрица за прецизно опишување на односите на моќта и значењето, и за создавање графички прецизна игра на копнеж и идентификација, преку која поединците се спогодуваат со општествените структури за стекнување моќ“ (Kosofsky Sedgwick 1997: 528). Во рамките на овие толкувања, кои сето функционирање на љубовните триаголници го ставаат во контекст на патријархатот, олицетворен во општествените структури, двата елемента, кои се стремат кон моќ и кои се борат за објектот на нивниот копнеж, се мажи, додека предметот на копнежот е една жена, па додека машките актанти се карактеризираат со активен принцип и постои динамизам во нивното дејствување и кон предметот на

нивната желба, и во нивниот натпревар за неа и за симболичко стекнување моќ, нејзе ѝ е доделена пасивна улога. Воедно, и самото дејство на натпревар меѓу двата машки субјекти за предметот на нивната желба е повторување на генералниот модел за борба за моќ и превласт помеѓу мажите, воспоставен од општеството. Иако, и Рене Жирар во „Неверството, копнежот и романот“ и Ив Кософски Сеџвик во „Родовата асиметрија и еротските триаголници“, инсистираат дека тие се универзален, општоважечки модел, се чини дека можеме да се посомневаме во ваквото тврдење ако го примениме на голем број книжевни дела меѓу кои и „Прељубници“ од Вида Огњеновиќ и „Одбројување“ од Фросина Пармаковска.

Амелија ја дознала веста за напуштањето на нејзиниот сопруг од писмото што тој ѝ го оставил пред заминување, а во кое било нагласено дека, всушност, не е сигурен дали сака да се разведат, но дека за извесно време мора да биде со друга бидејќи поинаку не би можел: „Јас сѐ разбрав, без многу зобиколувања, веднаш побарав развод... На суд, двајцата, како добро извежбан дует, ја одбивме можноста да се смириме, значи разводот е изведен спогодбено“ (Огненовиќ 2011: 17). По разводот, Амелија била свесна дека светот не е стокмен така што љубовта меѓу двајца луѓе ќе престане истовремено, туку дека таа црна дупка се создавала од тагата на едната страна, а чувството на вина од другата страна, дека бракот од љубов е купување на распродажба, се радуваш што толку многу си купил за малку пари, а дури потоа забележуваш каков бофал си испазарил, нема чиста љубов без валкани партали (Огњеновиќ 2011: 29). Бракот на Амелија, можеби, и немало да се растури ако нејзиниот сопруг Бошко не бил упорен да ја најдат нејзината вистинска мајка. Тој на некој опсесивен начин ѝ помогнал да ја пронајде нејзината вистинска мајка, а потоа направил нешто што било сосема бизарно. Бошко ја оставил поради жената на нејзиниот брат по мајка, Лада. „Не ми беше никаква другарка, а најмалку добра. Доаѓаше кај нас, но во ниту еден момент не изгледаше дека меѓу нив би можело да се развие таква врска. Мислев дека се добри пријатели, што ми изгледаше природно“ (Огњеновиќ 2011: 17). Лада и Бошко, за една и половина година станале среќен брачен пар што очекува и бебе.

Љубовниот триаголник во романот „Одбројување“ завршува со неуспех на нараторката. Ноќта кога нараторката решила да му каже на Иван дека дошол крајот и дека ќе го остави својот сопруг, таа не го нашла него

во неговиот дом: „Ѕвонив на врата и почекав. Тој не отвори... можеби нешто се случило и ова е начин да ми каже... можеби и никогаш вистински не ме сакал...“ (Пармаковска 2018: 80). Иван не ѝ одговарал на повиците и пратил порака во која ѝ напишал дека „ја сака, но многу размислувал и вистината е дека не би можел да живее со таква грижа на совеста, да гради среќа на туѓата несреќа, уште пострашно, на нечија болест да гради љубов и среќа...“ (Пармаковска 2018: 185). По оваа порака, на нараторката ѝ станува јасно дека никогаш вистински не го запознала Ивана, можела само да претпостави зошто ја оставил. Тој ден дознала и дека е бремена, а според нејзината пресметка, татко на детето не бил нејзиниот сопруг, туку Иван.

Мотивот на љубовен триаголник се наоѓа во центарот на заплетот на овие два романа. Иако љубовниот триаголник на нараторката во романот „Одбројување“ е многу покомпликуван како и самиот роман и односите меѓу ликовите во него, во романот „Прељубници“, љубовниот триаголник е подраматично претставен, бидејќи тројцата актери се многу потесно поврзани и многу често се на едно исто место. Сепак, и во двата романа, љубовниот триаголник има фатални последици по ликовите. И двата главни лика носат трајни лузни што ги оставиле животот и околностите.

Ерих Фром, во своето дело „Уметноста на љубовта“, вели дека „љубовта е активна сила на човекот, сила што ги пробива ѕидовите што го раздвојуваат човекот од неговите блиски, а која го соединува со другите. Љубовта му помага да го премавне чувството на осаменост и одвоеност, а сепак му допушта да биде свој, да си го зачува интегритетот. Во љубовта се случува парадоксот две личности да станат едно, а сепак да останат двајца“ (Фром 1995: 28).

Меѓутоа, во романите што се предмет на нашето проследување, „Прељубници“ од Вида Огњеновиќ и „Одбројување“ од Фросина Пармаковска, не станува збор за љубов помеѓу два субјекта, туку за однос помеѓу три субјекти, односно наместо однос на емотивна дијада, имаме однос на љубовен триаголник. Од друга страна, невозможно е толкување на овие ликови според шематското прикажување на љубовните триаголници образложено во делата „Родовата асиметрија и еротските триаголници“ од Ив Кософски Сеџвик и во „Неверството, копнежот и романот“ од Рене Жирар. Во романот „Одбројување“ од Фросина Пармаковска, нараторката не е пасивен член на триаголникот, односно објект

на желбата што е посредник помеѓу два активни члена на тој триаголник. Токму таа има активна улога, иако не ја презема со цел да стекне моќ, односно доминација, туку да го исполни својот идеал за љубов. Во романот „Прељубници“ од Вида Огњеновиќ, ситуацијата се чини уште поневозможна за толкување според структуралистичкиот модел понуден од Рене Жирар и според толкувањата на Ив Кософски Сеџвик, затоа што според тој модел сопругот на Амелија би бил пасивниот чинител во триаголникот, а Амелија би била еден од двата активни субјекти. Но, со оглед на нејзината психолошка предиспозиција и дефетизмот, предизвикани, меѓу другото, и од сознанието за нејзиното потекло, Амелија самата не е способна (или, поточно, не е подготвена) за борба, а и во основата на нејзината психолошка структура не е предодредена да претставува субјект кој би се борел за сопственост или за превласт над предметот на желбата.

Се чини дека толкувањата и формулирањата на еротските триаголници од страна на Рене Жирар и Ив Кософски Сеџвик имаат недостаток во тоа што се стремат да бидат генерализирачки и да се однесуваат како шематски модел за сите љубовни триаголници. Тие ги покажуваат своите слаби точки токму кога би се обиделе да ги примениме на дела во кои механизмите на функционирањето на љубовниот триаголник не се совпаѓаат со тоа како овие двајца автори ги објаснуваат: како механизми за доминација и превласт, кои се сегмент од структурите на моќ на патријархалното општество. Токму таков заклучок извлекуваме по исчитувањето на романите „Прељубници“ од Вида Огњеновиќ и „Одбројување“ од Фросина Пармаковска, во кои основните дејствувачи во љубовниот триаголник, и во едното и во другото дело, се водени од различни мотиви и се засновани на различни структури, од оние кои ги претпоставуваат Жирар и Кософски Сеџвик.

ЛИТЕРАТУРА

Жирар 1972: Rene Girard. *Deceit, Desire, and the Novel: Self and Other in Literary Structure*. Trans. Yvonne Freccero. Baltimore: Johns Hopkins UP.

Кософски Сеџвик 1997: Eve Kosofsky Sedgwick. „Gender Asymmetry and Erotic Triangles (1985)“ *Feminisms: an Anthology of Literary Theory and Criticism.*, Edition Robyn R. Warhol & Diane Price Herndl. Hampshire: Macmillan P.

Огненовиќ 2011: Вида Огненовиќ. *Прељубници*. Превел Димитар Башевски. Скопје: Слово.
Пармаковска 2018: Фросина Пармаковска. *Одбројување*. Скопје: ИЛИ-ИЛИ,
Фром 1995: Ерик Фром. *Уметноста на љубовта*. Превел Катерина Лазаревска. Скопје: Зумпрес
Летиќ 2013: Jovana Letic. „Motiv ljubavnog trougla." https://www.academia.edu/5666552/Motiv_ljubavnog_trougla

Biljana Jonovska Stefkovska

**THE LOVE TRIANGLE IN THE NOVELS „ADULTERERS" BY VIDA OGNENOVIC AND „COUNTDOWN" BY FROSINA PARMAKOVSKA**

(Summary)

In the novels that are the subject of interest of this text, the dominant theme is the adultery, which is a starting factor in their organization and their ideological framework. On the one hand, we have an intimate story about one, by all means, successful woman (Amalia Kojic, the main female character in the novel „Adulterers") who is confronted with the stereotypes of her environment. On the other hand, is the narrator in the novel „Countdown" by Frosina Parmakovska, who decides to marry in haste, carried away by the euphoria of her passion for a painfully jealous and mentally disturbed man, which results in mistrust, repression, nightmares and torture leading her to adultery. In this text, through a comparative approach, the theme of adultery in the Serbian and Macedonian women's letters is analyzed, specifically in the novels of Ognenovic and Parmakovska.

**Key words:** adultery, marriage, hypocrisy, marital love, stereotypes, Vida Ognenovic, Frosina Parmakovska, woman's letter.